РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1113/4
13-05-2019

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на шеснаесеттата седница одржана на ден 10 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за натамошно постапување во предметот со број 09-1113/1 од 07.03.2019 година, поради промена на фактичката состојба, односно градоначалникот на Општина Лозово, Орце Цветковски кој извршил избор за вработување на лицето Стојан Пешевски, не ја извршува повеќе функцијата градоначалник.

Предметот со број 09-1113/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1113/1 од 07.03.2019 е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува за утврдување постоење судир на интереси во постапка за вработување во Општина Лозово за лицето Стојан Пешевски, внук на Орце Цветковски, поранешен градоначалник на Општина Лозово.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Стојан Пешевски.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Општина Лозово, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 10 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека вработувањето на лицето Стојан Пешевски е спроведено по тогашниот Закон за државни службеници и исто така извршена е промена на систематизацијата во септември 2013 година каде е креирано ново работно место согласно квалификациите на лицето, информатичко - технички работи, по што објавен е оглас согласно измените во систематизацијата на кој се вработува лицето Стојан Пешевски. Градоначалникот на Општина Лозово ги потпишал актите за избор на кандидат за државен службеник без да го пријави приватниот интерес, односно без да побара да биде изземен од целосната постапка за вработување на лицето Стојан Пешевски со што се довел во состојба на судир на интереси.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија утврди дека постојат индиции за влијание од страна на поранешниот градоначалник на Општина Лозово, Орце Цветковски, при постапка за вработување на негово блиско лице. Но поради промена на фактичката состојба, односно градоначалник на Општина Лозово, Орце Цветковски кој извршил избор за вработување на лицето Убавка Дончевска, не ја извршува повеќе функцијата градоначалник на Општина Лозово, ДКСК нема надлежност за натамошно постапување.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk